# IMPLEMENTATION OF PRACTICAL WORK IN THE EDUCATIONAL PROCESS OF HIGHER EDUCATION - QUALITY FACTOR

**Tosho Chochoroski**
cocoroski.t@gmail.com
**Mirjana Sekulovska**
University of "St. Klement Ohridski" – Bitola, Faculty of tourism and hospitality – Ohrid
mirjana.sekulovska@uklo.edu.mk
**Gabriela Rakichevik**
University of "St. Klement Ohridski" – Bitola, Faculty of tourism and hospitality – Ohrid
gabrielarakic@yahoo.co.uk

**Abstract:** Practical work is a system for training and training students for a certain job by short-term work in which the student has set goals for learning and actively considering what he learns during this practical experience. This working process enables students to gain professional experience and practice in practice their interests in the professional field in which they want to engage.
In addition to this definition, practical work can be defined as a process of exchange of service for the experience between the student and the employer, that is, the object accepted by the intern. The practical work contains a set agenda for learning that is structured in experience which at the same time represents a certain responsibility that enables the student to develop new skills in this field by offering training and supervision that facilitates learning.
Through practical work interns get the opportunity to develop critical thinking skills, analytical thinking, and technical skills that are important for a particular job or for a particular profession. In the course of studying, besides the theoretical mastering of materials for subjects studied in accordance with the study programs, the students will have the opportunity to apply such theoretical overlaps in the real world. The reasons for introducing practical work during the educational process mainly arise from the needs and requirements of the economy.
**Keywords:** practical work, students, education

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРАКТИЧНАТА РАБОТА ВО ЕДУКАТИВНИОТ ПРОЦЕС НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ФАКТОР ЗА КВАЛИТЕТ

**Тошо Чочороски**
cocoroski.t@gmail.com
**Мирјана Секуловска**
Универзитет"Св. Климент Охридски " – Битола, Факултет за туризам угостителство – Охрид,
mirjana.sekulovska@uklo.edu.mk
**Габриела Ракичевиќ**
Универзитет"Св. Климент Охридски " – Битола, Факултет за туризам угостителство – Охрид,
gabrielarakic@yahoo.co.uk

**Резиме:** Практичната работа претставува систем за тренинг и обука на студентите за одредено работно место преку краткорочна работа во која студентот има зацртани цели за учење и активно размислува за тоа што тој го учи во текот на тоа практично искуство. Овој работен процес им овозможува на студентите да се стекнат со професионално искуство и во пракса да ги спроведат своите интереси во професионалната област во која ќе сакаат да се вклучат.
Покрај оваа дефиниција, практичната работа може да ја дефинираме како процес на размена на услуга за искуство помеѓу студентот и работодавецот односно објектот кој го прифатил практикантот .Практичната работа содржи зацртана агенда за учење која е структурирана во искуство кое воедно претставува и одредена одговорност која на студентот му овозможува да развива нови вештини во тоа поле, нудејќи му се обука и надзор со кои се олеснува учењето. Преку практичната работа практикантите добиваат можност да развијат вештини за критичко размислување, аналитичко размислување, како и технички вештини кои се важни за одредено работно место или за одредена професија.

Во текот на студирањето студентите освен теоретското совладување на материјалите за предметите кои се изучуваат согласно студиските програми, со практичната работа ќе имаат можност таквите теоретски совладувања да ги применат во реалниот свет. Причините поради кои се воведува практична работа во текот на образовниот процес главно произлегуваат од потребите и барањеата на стопанството.
**Клучни зборови:** практична работа, студенти, образование

**ВОВЕД**

Многу анализи и истражувања, како една од најголемите причинители за ниската вработеност го наведуваат недостатокот од вештини и компетенции потребни за пазарот на трудот. Фирмите кои стигнуваат до меѓународните пазари и фирмите со повисока технологија чувствуваат недостаток од вештини и знаење што претставува пречка за водењето бизнис. Тука се потикнува прашањето за квалитетот на образовниот систем односно усогласувањето на образовните кадри кои што системот ги произведува и нивното апсорбирање на пазарот на труд.

Според истражувањата на светска банка, лицата со високо образование се единствената група која се соочила со зголемување на стапка на невработеност, а тоа значи дека оние кои стекнуваат високо образование имаат потешкотии да најдат соодветно вработување, а истовремено и локалните компании тешко наоѓаат вешти работници.

Согледувајќи ги овие проблеми се наметнува потребата за високообразовните луѓе да се насочат кон обезбедување на вистински вештини за вработување и продуктивност како и градење на широки вештини кои лесно можат да се пренесат од едно занимање на друго.

Конкретните решенија за овој проблем односно полесно прилагодување на студентите за потребите на пазарот на трудот се поврзани со соработката помеѓу образовните инстутуции и команиите. Токму практичната работа е најдобриот почеток за инволвирање на студентите во реалниот сектор и стекнување со практични работни искуства. Пракитчната работа помага да се комбинираат интересите и придобивките на секоја страна .

Практичната работа помага на:

- работодавачите односно објектите да привлечат, обучат и задржат компетентни и мотивирани работници,
- образовните институции да ги усогласат академските програми со потребите на економијата и да ја препознаат улогата на практичното учење на работното место за унапредување на академското образование,
- студентите да ги подобрат практичните вештини и да стекнат вредно работно искуство пред дипломирањето што ќе ја зголеми нивната конкурентност и ќе им помогне да најдат побрзо работодавци во иднина.

**1.ЗАКОНСКО-НОРМАТИВЕН ТРЕТМАН НА ПРАКТИЧНАТА РАБОТА**

Случувањата од втората половина на 20 век оставија неколку клучни предизвици со кои се судира човештвото на почетокот на 21 век. Развојот на компјутерската технологија и современите системи на информации предизвикаа револуција во животот на луѓето. Економиите се трансформираа од стандардизираното-мануелно производство кон поразновидно и на знаење базирано производство на добра и услуга. Благодарејќи на развојот на комуникациските системи и мобилноста на луѓето настанаа процеси на културно зближуање на народите во светот, процеси на масовни движења низ светот предизвикани од разни потреби.

Една од потребите за таквите масовни движења на луѓето низ светот е и потребата за запознавање на нови култури, нови цивилизации, нови градови, нови држави, а паралелно на таквата потреба се наметнува и потребата за патување поради одмор и рекреација. Таквите глобални промени кои настануваат во општеството, наметнуваат потреба за пазарот на трудот да излезе во пресрет на потребите кои произлегуваат од глобализацијата се во прилог на успешно справување со сите процеси и појави.

Тоа подразбира квалитетна работна сила која располага со знаења, дополнителни вештини, компетенции, се со цел успешно спроведување на појавите и процесите. Како резултат на ваквите променливи потреби се наметнува потребата од поврзување на образовниeто со пазарот на трудот и нивно заедничко делување во интерес на развојот и подобрување на општественото живеење. Поврзувањето на образованиeто со пазарот на трудот ќе биде подобрено со инсталирање на механизми за зголемена соработка со бизнисот и индустријата.

Една од таквите механизми е и воведување на практичната работа како дел од образовниот процес каде студентите ќе имаат можност да обавуваат практична работа во објектите со цел подготовка за нивната идна професија и нивно побрзо и полесно соочување со работните задачи кој произлегуваат од истата.

За практичната работа како дел од образовниот процес почнува многу гласно да се говори од страната на стопанството, од страната на образовните институции како и од страна на државните институции креатори на стратегии, национални програми, планови. Проблемот со практична работа може да го забележиме и помеѓу целите и приоритетите во: националната програма за развој на образование на Р.М, 2005 -2015; во стратегијата за развој на млади, 2005 – 2015; во национална стратегија за развој на туризмот, 2009 – 2013; во стратегијата за промовирање и развој на волонтенството, 2010 – 2015; а во истиот период многу образовни институции почнуваат истата да ја вклучуваат како дел од наставните програми согласно законските права и можности.

Како резултат на потребата од практична работа како дел од образовниот процес во високото образование, министерството за образование врши промена на законот за високото образование во членот 99 по ставот 3 се додаваат шест нови става меѓу кои е и ставот за практична работа кој гласи***:„...*** *Студентот во секоја студска година задолжително посетува практична настава која неможе да биде пократка од 30 дена како еден од условите за запишување на наредна студиска година. Начинот и условите на организирање на практичната настава ги пропишува министерот“.* Во прилог на овој член од законот за високо образование во Р.М. министерот за образование на 15 септември 2010 година пропишува и правилник за начин и услови за организирање на практична настава за студентите во рамки на законот за високо образование во кој се предвидува задолжителна практична работа за студентите во високото образование.

Ако до тогаш, забелешките од страна на стопанството за недоволно оспособени образовни кадри со практични знаења и вештини беа упатени кон образованието или пак забелешките од страна на образовните институции за невоведување на практична работа во наставните програми беа упатени кон министерството за образование, сепак со донесување на овој закон и правилник се дава можност за надминување на таквите проблеми, а искористувањето на овој правилник и изнаоѓање на решение и форма за проблемот со практична работа, повторно останува во рацете на стопанството и образовната институција, поточно во нивната заемна врска за успешно применување на правилникот за начин и услови за организирање на практична работа за студентите.

Високо образовните институции согласно овој правилник извршија изменување и дополнување на постојните студиски или предметни програми во кои се определи обемот и времетраењето на практичната настава која неможе да биде пократка од 30 дена како и начинот на нејзина реализација. Во конкретниот случај високообразовните институции добиваат можност во своите програми и планови да ја вклучат практичната работа како дел од образовниот процес на установата.

Практичната настава неможе да трае помалку од еден ниту повеќе од осум часа во денот. Од страна на високообразовната институција треба да се обезбедат услови за соработка со соодветни субјекти за изведување на практичната настава. Високообразовната институција треба да обезбеди ментор кој е одгвоорен за успешно реализирање на практичната настава на студенти. Пред самиот почеток на практичната настава од страна на високообразовната институција се известува студентот и му се издава документ потврда за негово упатување до организација - установа каде ќе се реазлизира практичната настава.

Таквиот документ е потпишан од страна на деканот или продеканот на високообразовната институцуја. Студентот за време на реализација на практичната настава води дневник за секојдневните активности, а по завршување на практичната настава студентите ја враќаат потврдата која е издадена од страна на високообразовната инстутуција заверена од објектот каде извршувале практична настава се со цел да послужи како документ кој го потврдува нивното успешно реализирање на практичната настава.

## 2.ПРАКТИЧНАТА РАБОТА КАКО ДЕЛ ОД НАСТАВНАТА ПРОГРАМА НА ВИСОКО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Според американскиот психолог Џон Девеј, една унца искуство е подобро од тон теорија, бидејќи само во пракса некоја теорија може да биде витална и да се потврди нејзиното значење. Токму, практичната работа е систем кој што им овозможува на студентите нивните изучувани дисциплини практично да ги препознаат, искористат и истите да ги претворат во практични работини искуства, да се запознаат со понатамошната работа, стекнувајќи професионален развој, комуникациски вештини и способности, практични знаењеа за решенија на одредени проблеми се во прилог на подготовка за нивната идна професија.

Да се влезе на новото работно место со одредени познавања за истото е многу важно, особено во угостителско-туристичката дејност, бидејќи токму таму продажбата на производот се врши во директен контакт со купувачот и сите недостатоци од страна на продавачот се многу видливи. Оттука произлегува

потреба за практична работа на студентите кои се образуваат за работа во гостољубивата индустрија се со цел нивна претходна подготовка за она што ги очекува.

Високо образовните институции од областа туризам треба д водат максимална грижа за образованието на своите студенти како и за нивна подготовка за побрза продажба на пазарот на труд и поуспешно соочување со стопанството.Целосно применувајќи го Болоњскиот систем го оделотворува духот на совршеност во наставата, истражувањето и практичната работа на студентот. Студентите од насоките: туризам, хотелско-ресторански менаџмент и гастрономија, исхрана и диететика во текот на своето образование на факултетите за туризам и угостителство имаат можност практично да се сретнат со својата професија преку обавување на практична работа во угостителско-туристичките објекти.

Практичната работа на факултетот е задолжителна и регулирана со правилник за практична работа, договори, потврди и водење на дневник за практична работа. Практичната работа се обавува на крајот на секоја академска година во сите четири години од нивното студирање и трае 30 работни дена. Истата се реализира во угостителско-туристичките објекти со кои факултетите треба да имаат склучено договор за соработка. Објектите се избираат во договор со студентот, а исто така и местото на извршување е согласно договорот со студентот. Студентите ја реализраат практичната работа во разни хотелско-угостителски објекти.

Реализацијата на практичната работа како и стекнатите знаења од истата се контролираат и проверуваат од страна на раководителите на катедри на студиските програми како и од страна на стручниот соработник вклучен за реализација на практична работа кој е претставник од стопанството.

Практичната работа треба да се организира со реализација на следните активности:

- практична настава со цел подготовка на студентите за работа во објект,
- распоред по објекти и дефинирање на практични работни задачи,
- практична работа во објект,
- оценување на знаењата стекнати преку практичната работа.

## 3. ЗАКЛУЧОК

1. Преку практичната работа во угостителско-туристичките објекти студентите ќе се стекнат со следните придобивки :
   - да создадат почетно ниво и основа за идно вработување во облста на угостителството и туризмот,
   - да добијат поглемо разбирање за различните менаџерски функции во угостителството,
   - да развијат знаења за анализа и да понудат решенија за секојдневни проблеми кои произлегуваат од работата во угостителско-туристичките објекти,
   - да стекнат поголеми комуникациски вештини и способности,
   - да ја прошират својата мрежа на контакти,
   - да ја збогатат својата автобиографија,
   - да добијат поголемо знаење за можностите за развој на кариера и да ги дефинираат своите идни цели,
   - да се приближат чекор поблиску до своето работно место,
   - да си помогнат самостојно преку реализција на практична работа во еден објект 4 години за побрз влез во редовен рабтоен однос.
2. Покрај придобивките од практичната работа за студентитте придобивки од практичната работа уживаат и угостителско-туристичките објекти и тоа:
   - објектите можат да добијат готова работна сила во иднина,
   - да намалат трошоци за обука на нови кадри,
   - да добијат сезонски работници за кои работодавецот не се обврзува на долгорочен план и тоа по пониски цени,
   - да обезбеди поголема препознатливост на објектот во академската средина и општеството,
   - да ја зголеми општествената одгворност преку помош за едукација на студентот.
3. Покрај придобивките за студентите и угостителско-туристичките објекти, придобивки од практичната работа следуваат и за високо обрзовните институции, а како најзначани ги издвојуваме:
   - прилагодување на наставната програма во согласност со потребите на индустријата и секогаш контуирано следење на промените коишто настануваат во стопас476нтсвото,
   - привлекување на вниманието кај новите студенти кои црпат искуства од постојаните студенти,

- -помош на студентите во текот на образовниот процес дирекно да си го обезбедат работното место во угостителско-туристичките објекти.

**ЛИТЕРАТУРА**

Боландер Џ.и Шнел С.( 2008) ,*”Управување со човечки ресурси”*
Мутињо Л.(2003) *“Стратегиски менаџмент во туризмот”*
Kosar L. (2002) ,*”Hotelijerstvo-teorija I praksa”,* Beograd
Чочороски Т. (2016) “*Практичната работа во угостителско-туристичките објекти како дел од образовниот процес на ФТУ – Охрид”,* магистерски труд